**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# МЕМОРАНДУМ

# ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ-ЦАРИНСКА УПРАВА И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

**помеѓу**

**Министерството за финансии - Царинската управа**
**и**
**Министерството за животна средина и просторно планирање**

## Глава I: Општи одредби

### Член 1
### Предмет

Со овој Меморандум за соработка (во понатамошниот текст - Меморандум) се утврдуваат облиците и начинот на соработката помеѓу Министерството за финансии - Царинската управа и Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), (во понатамошниот текст Договорни страни), при:

- прометот (извоз, увоз и транзит) на загрозени диви животински и растителни видови, нивни делови и деривати,
- прометот со опасен отпад, и
- прометот со одредени групи на опасни супстанции и супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка.

Соработката ќе се спроведува согласно меѓународните договори ратификувани од страна на Република Македонија и националното законодавство, и тоа:

- Конвенција за меѓународна трговија со загрозени диви животински и растителни видови - CITES ("Службен весник на Република Македонија" бр.82/99)
- Виенска конвенција за заштита на озонската обвивка ("Сл. Лист на СФРЈ, бр. 1/90),
- Монтреалски протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка ("Сл. Лист на СФРЈ, бр. 16/90),
- Базелска конвенција за прекугранichen пренос на опасен отпад ("Службен Весник на Република Македонија" бр.49/97 ),
- Одлуката за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 136/06),
- Закон за животната средина ("Службен Весник на Република Македонија" бр.53/05 ),
- Закон за заштита на природата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04 и бр.14/06),

- Закон за Царинска управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 46/04, 81/05), и
- Царински закон ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/05)
- Закон за заштита на растенија (Службен весник на Република Македонија бр. 25/98)
- Закон за здравјето на растенијата (Службен весник на Република Македонија бр. 29/05)

**Член 2**
**Цел**

Целта на Меморандумот е преку взаемно разбирање, соработка и помош помеѓу договорните страни, да се заштити и унапреди животната средина, природата и здравјето на луѓето.

## Глава II : Модалитети на соработка

**Член 3**

Соработка при проверка на документацијата при извоз, увоз и транзит на пратки со диви загрозени растителни и животински видови, нивни делови и деривати

Министерството за финансии - Царинската управа во случај на промет со заштитени и загрозени диви видови врши проверка дали пратката со растенија, габи или животни содржи валидна пропратна документација.

Во случај на транзит низ Република Македонија, царинските органи на граничните премини проверуваат дали дозволите го содржат името на последната дестинација на пратката и сите останати податоци.

Царинските органи на граничните премини особено вршат проверка на CITES дозволата за извоз, увоз и транзит на диви загрозени растителни и животински видови, нивни делови и деривати, кои се опфатени во прилозите I, II и III на CITES Конвенцијата.

Исто така, овие органи вршат проверка и на Дозвола за регулирање на прометот со диви загрозени растенија, габи и животни, која ја издава МЖСПП, согласно Одлуката на Владата на Република Македонија за распоредување на стоките на форми на увоз-извоз.

Царинскиот службеник ги проверува податоците од CITES дозволата или Дозвола за регулирање на прометот со диви загрозени растенија, габи и животни, која ја издава МЖСПП, согласно Одлуката на Владата на

Република Македонија за распоредување на стоките на форми на увоз-извоз и ја утврдува нејзината валидност, односно дали истата:

- ги содржи сите потребни податоци,
- е издадена од релевантен државен орган, и
- е во важност.

Доколку некои податоци во CITES дозволата или Дозвола за регулирање на прометот со диви загрозени растенија, габи и животни, која ја издава МЖСПП, согласно Одлуката на Владата на Република Македонија за распоредување на стоките на форми на увоз-извоз не соодвестуваат со пратката или не се задоволително пополнети, царинските органи нема да го прифатат ваквиот документ и се должни пратката привремено да ја задржат и за тоа веднаш да го известат Министерството за животна средина и просторно планирање Ђ Управата за животна средина и Државниот инспекторат за животна средина.

По приемот на ваквото известување од царинските органи, Министерството за животна средина и просторно планирање - Управата за животна средина е должна веднаш да оствари консултација со овластена научна институција и во рок кој не може да биде подолг од два дена да одлучи за натамошната постапка со таквата пратка, односно дали истата треба:

- да се врати назад во странство, по консултации со државата извозник, или
- да се испрати кај овластен депозитар или на друго место кое МЖСПП смета дека е соодветно.

Во секој случај царинските органи привремено ја задржуваат пратката кога не е пропратена со CITES дозвола или Дозвола за регулирање на прометот со диви загрозени растенија, габи и животни, која ја издава МЖСПП, согласно Одлуката на Владата на Република Македонија за распоредување на стоките на форми на увоз-извоз и притоа постапуваат согласно горенаведената постапка.

Во зависност од одлуката која ја донело Министерството за животна средина и просторно планирање-Управа за животна средина, а која веднаш ја испраќа до царинските органи, се спроведува натамошна царинска постапка согласно одредбите од Царинскиот закон.

## Член 4
## Соработка при проверка на пратката

Проверка на пратките со диви видови растенија, габи и животни се врши на првото место на влез / излез во и од Република Македонија од страна на царинските службеници во соработка со претставници на Управата за ветеринарство и Управата за заштита на растенија. Овие органи при секоја утврдена неправилност на состојбата на пратката се должни да го известат Министерството за животна средина и просторно

планирање-Управа за животна средина и Државниот инспекторат за животна средина кој е должен веднаш да се вклучи во натамошната проверка на пратката и документацијата на самото место.

**Член 5**
**Соработка при определување на гранични премини за промет на пратки, креирање на бази на податоци и обуки**

Договорните страни соработуваат при определувањето на граничните премини преку кои може да се врши прометот со заштитени и загрозени диви видови.

За ефикасно следење на пратките со диви загрозени видови растенија, габи и животни надлежните институции ќе соработуваат за изготвување на база на податоци и нејзино електорнско поврзување помеѓу МЖСПП, Царинската управа, Управата за ветеринарство и Управата за заштита на растенија.

За ефективно спроведување на CITES Конвенцијата и Одлуката за распоредување на стоките на форми на увоз и извоз, Министертвото за животна средина и просторно планирање-Управа за животна средина, ќе организира обуки за вработените во Царинската управа заради успешно спроведување на горенаведените активности. Обуките би се однесувале во делот на препознавање на видовите/подвидовите, прегледување, заверка и дистрибуција на дозволите. Како алатка за спроведување на обуката, со взаемна соработака, ќе се изготви пропаганден материјал (прирачник, брошура, лифлет итн.)

**Член 6**
**Соработка во обуки за откривање и контрола на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка и размена на база на податоци**

Министерството за животна средина и просторно планирање ќе обезбеди обука за царинските службеници од сите гранични премини за правилно откривање и контрола на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка.

Министерството за животна средина и просторно планирање ќе овозможи достапност до базата на податоци за увозот и извозот на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка.

Министерството за животна средина и просторно планирање ќе има пристап до базата на податоци на Царинската управа која се однесува на увозот/извозот на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка.

Царинската управа еднаш годишно доставува извештаи до Министерството за животна средина и просторно планирање за евидентираните количини на увезени/извезени супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка.

Царинската управа ќе врши контрола на увозот и извозот на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка на граничните премини преку примена на специјална опрема (таму каде истата постои) за откривање на супстанциите и визуелни проверки.

**Член 7**
**Соработка во обуки и размена на податоци при увоз, извоз или транзит**
**на опасен отпад**

Министерството за животна средина и просторно планирање-Управа за животна средина ќе обезбеди обука на царинските работници на сите гранични премини во земјата за откривање и контрола на опасниот отпад.

Министерството за животна средина и просторно планирање-Управа за животна средина веднаш ќе ја информира Царинската управа за случаи на извоз или транзит на опасен отпад, согласно процедурата пропишана со Базелската конвенција.

Министерството за животна средина и просторно планирање-Управа за животна средина ќе има пристап до базата на податоци на Царинската управа која се однесува на извозот/транзитот на опасен отпад.

Царинската управа еднаш годишно доставува извештаи до Министерството за животна средина и просторно планирање-Управа за животна средина за евидентираните количини на извезени/транзитирани количини на опасен отпад.

Царинската Управа го известува Министерството за животна средина и просторно планирање-Управа за животна средина во случај на увоз, извоз или транзит на опасен отпад.

**Член 8**
**Назначување на службени лица за врска**

Заради следење на спроведвуањето на одредбите на овој Меморандум, секоја од договрните страни е должна најкасно во рок од 30 дена од неговото потпишување да назначи службени лица за врска и за тоа да ја извести другата страна .

**Член 9**
**Класифицирани информации**

Размена на класифицирани информации, според овој Меморандум, меѓу договорните страни ќе се врши согласно прописите за класифицирани информации.

**Глава III: Завршни одредби**

**Член 10**
**Измени**

Овој Меморандум може да се менува само по взаемна писмена согласност на договорените страни.

Овој Меморандум може да биде отповикан од било која страна, 30 дена од доставувањето на писмено известување во кое се наведени причините за отповикувањето.

**Член 11**
**Влегување во сила**

Овој Меморандум влегува во сила со денот на неговото потпишување.

| | |
|---|---|
| **Министер за финансии** | **Министер за животна средина и просторно планирање** |
| **Д-р Трајко Славевски** | **Џелил Бајрами** |
| ______________________ | ______________________ |

*Потпишано во Скопје на ден ________________ 2007 година*